Почитувани,

Во согласност со Архуската конвенција, како и врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (и подоцнежните измени и дополнувања) и член 51 од Законот за животна средина (и подоцнежните измени и дополнувања), до имателот го доставуваме следното барање за информации од јавен карактер.

**1.** Според годишната Инвестициска програма за ЈП Колекторски систем за 2021 г. од државниот буџет било планирано да се добијат 132 мил. денари. Меѓутоа, со распределбата на државниот буџет за 2021 г., за потпрограма 2Е Колекторскиот систем Охрид Струга беа алоцирани 35 мил. денари. Згора на тоа иако во буџетот стои дека тие се наменети за „инвестициски активности на новоформираното Јавно претпријатие за колекторски системи", сепак во Програмата Колекторски систем Охрид Струга за 2021 г. (Сл. весник 12/2021 од 18.01.2021 г.) стои дека целиот износ на „Средствата од став 1 на овој дел ќе се реализираат како дотации до ЕЛС, односно враќање на средства на Општина Струга кои се давани како заем на МОЈП Проаква Струга за функционирење на колекторскиот систем Охрид - Струга."
**1.1.** Како го објаснувате несогласувањето помеѓу целта на буџетската ставка 2Е и намената на истите средства во Програмата колекторски систем Охрид Струга за 2021 г.?
**1.2.** Како ќе бидат обезбедени средствата кои според годишната Инвестициска програма на ЈП Колекторски систем за 2021 г. беа предвидени да бидат обезбедени од државниот буџет?

**2.** Имајќи го во вид фактот што буџетските средства за 2021 г. нема да се исплатат на ЈП Колекторски систем, бараме информација за износот и изворот на финансиски средства со кои ќе се финансираат планските активности во 2021 г.

**3.** Во Бизнис планот на ЈП Колекторски систем за 2021-2023 стои дека во 2021 г. се планира да започне реконструкцијата на пречистителната станица во Ложани „за која веќе има изготвен проект преку ИПАРД програмата во вредност од 553.500.000 ден.". Со оглед дека ова не е наведено во Инвестицискиот план за 2021 г., ниту е ставка во буџетот за 2021 г. би сакале да знаеме каков е статусот на овој планиран проект.

**4.** На 44. седница на влада одржана на 09.02.2021 г. усвоена е информација за Проект за колекторски систем од Радожда до Калишта – Струга. Овој проект, исто така, не се спомнува во Бизнис планот 2021 - 2023 г. Дали се работи за инвестиција која ќе се работи надвор од ЈП Колекторски систем?

**5.** Според последните информации кои ги добивме од МЖСПП во септември 2020 г., за услугите обезбедени од страна на „Еко Тим" ДОО Скопје во текот на 2020 г.

недостигаа уште 96.197.133 ден.
(а) Дали истите се исплатени во целост,
(б) Од каде беа обезбедени средствата и доколку не,
(в) Колкав е преостанатиот долг кон „Еко Тим“ ДОО Скопје?

Ве молиме, бараните информации да ни бидат доставени во електронски формат на оваа е-адреса во законски утврдениот рок. Доколку некоја од бараните информации не е во ваша надлежност, ве молиме одговорете на тие на кои МЖСПП е имател на информацијата.

Однапред благодариме.

Овластено лице:
Драгана Велковска
078 272 664
**Со почит,**
**Активисти на Граѓанската иницијатива Охрид SOS**